Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје



Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" -СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 06-06-2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 1519 | 1 | |

Бр. 02-505
4.6.2012
Скопје

**До проф. д-р Миле Станковски, декан**
**на Факултетот за електротехника и информациски технологии**
**Скопје**

Почитуван г. Декан,

Во прилог Ви ја доставуваме Одлуката за усвојување на Проектот за воведување студиска програма од *трет циклус-докторски студии* по метрологија (Предлагач и организатор: **Факултет за електротехника и информациски технологии**).

Наведената Одлука е донесена на 44. седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одржана на 31.5.2012 година. Во прилог Ви доставуваме и копија од писмото доставено до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ.

Напомнуваме дека проектите во 4 печатени примероци и во електронска pdf-форма, до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ги доставува предлагачот и организаторот на студиската програма.

Со почит,

**П р о р е к т о р**

**Проф. д-р Елена Думова-Јованоска**

Одлука и писмо доставени до:
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

Изготвил: К. Петреска
Одобрил: К. Мокрова

05-505
5-6 2012 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 44. седница одржана на 31 мај 2012 година, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на Проектот за воведување студиска програма од *трет циклус-докторски студии* по метрологија (Предлагач и организатор: Факултет за електротехника и информациски технологии)

### Член 1

Универзитетскиот сенат го усвојува Проектот за воведување студиска програма од *трет циклус-докторски студии* по метрологија (Предлагач и организатор: Факултет за електротехника и информациски технологии).

### Член 2

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Доставено до:
- Факултет за електротехника и информациски технологии
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

Изготвил: К. Петреска
Контролирал: К. Мокрова
Одобрил: д-р Е. Думова-Јованоска